Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 30, 2 ноември 2009 година

ноември 2009 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научна област италијански јазик на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научна област лозарство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научна област овоштарство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 13

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научно подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник – асистент/помлад асистент за наставно-научна област турска книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 33

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Медицинска генетика“ од проф. д-р Мирјана Ќаева-Пејковска, наменет за студентите на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по педијатрија за студенти на висока здравствена школа“ од проф. д-р Мирјана Ќаева-Пејковска, ........ 39

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Педијатрија“ од проф. д-р Мирјана Ќаева-Пејковска, наменет за студентите на Факултетот за медицински науки, Висока здравствена школа, при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 42

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ„ПЕДИЈАТРИЈА“ ОД ПРОФ. Д-Р МИРЈАНА ЌАЕВА-ПЕЈКОВСКА, НАМЕНЕТ ЗА СТУДЕНТИТЕ НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, ВИСОКА ЗДРАВСТВЕНА ШКОЛА, ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со Одлука бр. 2502-90/16, Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки на својата редовна седница, одржана на 30.9.2009 година, избра Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Никола Камчев, вонреден професор на Факултетот за медицински науки во Штип,
2. проф. д-р Никола Силјановски, редовен професор на Факултетот за медицински науки во Штип и
3. доц. д-р Елизабета Зизовска, доцент на Факултетот за медицински науки во Штип,

за рецензија на приложениот ракопис **„Педијатрија“ од проф. д-р Мирјана Ќаева-Пејковска,** наменет за студентите на Факултетот за медицински науки, Висока здравствена школа, при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Трудот во ракопис **„Педијатрија“** е пишуван според Наставниот план и програма по истоимениот предмет, кој се изучува на Високата здравствена школа при Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“.

Трудот е подготвен според стандардна метологија и обработува прашања кои се однесуваат на современите знаења во областа на педијатријата.

Трудот е оформен на 269 страници, А4 формат, со фонт 12, со густ проред. Има три страници литература со 85 библиографски единици и 6 страници содржина. Текстот е солидно обработен со јасни прикази на одделните области на оваа медицинска гранка, со 13 табели, 51 слика и 5 графикони. Предвидено е трудот да претставува учебно помагало за потребите на Високата здравствена школа по предметот Педијатрија.

Трудот е поделен на тринаесет одделни глави. По воведот е даден приказ на развитокот на педијатријата, со дефиниции на одделните фази на детството, неговите карактеристики и поделби според развојните фази.

Во првиот дел е даден приказ на анатомско-физиолошките особини на новороденото, неговиот изглед, биохемиските карактеристики на новороденото, крвната слика и невролошкиот преглед. Исто така, се согледуваат растот и развојот на детето, како и факторите кои го чинат детето со висок ризик. Даден е приказ на демографските движења, детската смртност, како и мерките кои се преземаат за нејзиното спречување. Обработени се и установите за здравствена заштита на мајката и детето, како и заштитата на децата во рамките на системот на социјална заштита. Особено внимание е посветено на превентивната заштита и делувањето, на имунизацијата и календарот на континуирана имунизација, на мерките и политиката за здравствената заштита на мајките и децата, како и на патронажната дејност. Во прикажувањето на овие области е дадено местото и улогата на ангажирањето на медицинската сестра во рамките на системот на здравствената заштита, како и задачите на патронажната сестра.

Во вториот дел е даден приказ на коагулационите нарушувања, при што се обработени неонаталните жолтици, приодот кон дете со жолтица, керниктерус, терапија на индиректна хипербилирубинемија, инфекции на новородено, изворите на инфекција, сепса на новородено, неонатален менингитис, стафилоконите инфекции, кожните стафилококни инфекции, ентералните и вирусните инфекции кај новороденото, инфекции

на долни респираторни патишта, прематурус, ризична бременост и ризично дете, фактори кои условуваат раѓање на прематурус, респираторен дистрес синдром, аспирациона бронхопневмонија итн.

Во третиот дел се прикажани исхраната и нарушувањето во исхраната, основните состојки на исхраната на здравото дете, карактеристиките на мајчиното млеко и неговата улога во заштитата од инфекции, физиологија на лактацијата, практицирање на доењето, успешност и техника на доење, совети за успешно доење, контраиндикации за доење, лековите и доењето, вештачката исхрана, дохрана, исхрана на деца со мала родилна тежина, малнутриција, дистрофија и атрофија, дебелина, хиповитаминози, витамински зависности и хипервитаминози, рахитис итн.

Четвртиот дел на трудот обработува одделни теми од гастроентерологијата и тоа: гастроезофагеален рефлукс, хипертрофична стеноза на пилорусот, гастритис, улкусна болест, акутен гастроентеритис, дехидратација, нарушување на ацидобазната рамнотежа, целијакија, улуцерозен колит, цистична фиброза и опстипација.

Во петтиот дел е обработена хепатологијата со темите: атрезија на екстрахепатичните жолчни патишта, акутен вирусен хепатит, вирусен А хепатитис, вирусен Б хепатитис, хроничен хепатитис, цироза на црниот дроб итн.

Шестиот дел обработува теми од областа на ревматологијата и тоа: акутна ревматска треска, стрептококни инфекции и јувенилен идиопатски артритис.

Нефрологијата е обработена во седмиот дел, при што се прикажани повеќе аспекти на испитување на функциите на бубрезите, преглед на урината и хемискиот состав, ултразвучни пребарувања и рентгенски иследувања на болестите на уринарните органи, инфекцијата на уринарниот систем, аномалии на уринарниот систем, опструкција на пиелоуретеричниот врат, болести на гломерулите, акутни постстрептококни гломерулонефритис, нефротски синдром со минимални оштетувања, тубулопатии, ренална артериска хипертензија, уролитијаза, енуреза, акутна бубрежна инсуфициенција, хронична бубрежна инсуфициенција и болести на половите органи кај децата.

Во осмиот дел се обработени теми од неврологијата. Даден е приказ на дете со церебрална дисфункција, постапките на испитување на церебралната функција, моторниот развој на детето, знаци на дисфункција на централниот нервен систем, покачен интракранијален притисок, нарушување на свеста на децата, нега на дете без свест, интракранијални инфекции, епилепсии, фебрилни конвулзии, конгенитални невромускулни нарушувања, мускулна дистрофија, прогресивна инфантилна спинална мускуларна атрофија, церебрална парализа и клиничка класификација на церебрална парализа.

Деветтиот дел обработува теми од ендокринологијата и тоа диабетес мелитус (шеќерна болест), акутни компликации од шеќерната болест, хипогликемија, штитна жлезда и состојбите на хипотиреоза и хипертиреоза, паратироидните жлезди, нарушување на функциите на кората на надбубрежната жлезда, хипофизата, хормоните на задната хипофиза, хипопитуитаризам и друго.

Во десеттиот дел се обработени одделни поглавја од хематологијата и тоа: анемии и нивната класификација, физиолошката анемија на доенчињата, сидеропениски анемии и нивната превенција, нарушување на хемостазата-хеморагиска дијатеза, болести на тромбоцитите, идиопатска тромоцитопениска пурпура, коагулопатии и хемофилија.

Во единаесеттиот дел се обработени специфични теми од областа на онкологијата, кои се однесуваат на детската возраст и тоа: леукемијата во детската возраст и лимфомите.

Дванаесеттиот дел е посветен на алергиски болести, односно на пулмологијата, при што се дава приказ на алергијата и алергиските реакции (цитотоксична реакција на преосетливост зависна од антителата, реакција на преосетливост предивикана од имунокомплекси, реакција на доцна преосетливост). Исто така се согледани и атописки невродерматитис, уртикаријата, ангиоедем, алергија на лекови, нутритивна алергија, алергија на убод од инсект, имунолошките болести, болести на дишните органи, ринитис, синуситис, болести на бронхиите, пневмонии, хронични заболувања на белите дробови, астма и бронхоопструкција, цистична фиброза, бронхиектазии, тубекулоза, туберкулиниска преосетливост итн.

Тринаесеттиот дел ја опфаќа кардиологијата, при што се обработени: етиологијата и дијагностиката на вродените срцеви аномалии, постапка и видови на анамнеза, физикален преглед, инспекција, палпација, аускултација. Се дава приказ и на електрокардиографијата, рентгенографијата, трансторакалната ехокардиографија, трансезофагеална ехокардиографија, тест на оптоварување (ергометрија), холтер мониторинг, магнетна резонанца и компјутеризирана томографија, позитрон емисиона томографија, радиоизотопски методи и инвазивна кардиологија-срцева катетеризација. Согледани се и одделни септални дефекти (атријален, вентрикуларен, атриовентрикуларен), белодробна васкуларна стеноза, аортна валвуларна стеноза, коарктација на аортата, цијанотични вродени срцеви аномалии, транспозиција на големите крвни садови, кардиоваскуларни инфекции, субакутен бактериски ендокардитис, кардиомиопатија, перикардитис, фиброеластоза, срцеви аритмии, клинички знаци и симптоми на срцева декомпензација, како и медицинска нега и постапка со детето.

* * * * *

Врз основа на изнесеното може да се заклучи дека се работи за обемен и квалитетен труд во кој успешно се прикажани бројни состојби и постапки кои се од интерес за едукација од областа на педијатријата. Иако трудот е во форма на учебно помагало, ги надминува вообичаените стандарди и може да се оцени дека дава поширок преглед на одделни области од педијатријата, особено на неонатологијата и негата, како и делови кои се однесуваат на клиничкиот третман и лекување на пациентите, што е од интерес за медицинските лица како високообразовани стручни лица кои ќе се едуцираат за работа во оваа област.

**Трудот дава придонес во научната и стручната литература и врз таа основа го препорачуваме за издавање како учебно помагало за студентите на Високата здравствена школа од областа на педијатријата.**

**Рецензенти**

**Д-р Никола Камчев, вонреден професор на Факултетот за медицински науки во Штип, с.р.**
**Д-р Никола Сиљановски, редовен професор на Факултетот за медицински науки во Штип, с.р.**
**Д-р Елизабета Зизовска, доцент на Факултетот за медицински науки во Штип, с.р.**